ПП бр: 09-6/4

Врз основа на член 28 став (2) и член 30 став (1) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија бр.208/24 и 16/25), Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата во состав: М-р. Борче Размоски – претседател, М-р. Малинка Силјановска Николиќ, Александар Тргачевски и Никола Трајчевски – членови, постапувајќи во постапка поведена по службена должност, со заклучок ПП.бр.09-9/1 од 02.02.2023 година, против ПЗУ-Лабораторија за молекуларна дијагностика Лаор Тетово, со седиште на ул.29 Ноември бр.21-1 Приземје/Лок1, 2 и 3, Тетово, застапувана од полномошник Адвокат Трајче Саздов, а заради сторен прекршок од член 61 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата, на седница одржана на 05.03.2025 година, го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**

1. Во постапка поведена по службена должност, со заклучок ПП.бр.09-9/1 од 02.02.2023 година, против ПЗУ-Лабораторија за молекуларна дијагностика Лаор Тетово, со седиште на ул.29 Ноември бр.21-1 Приземје/Лок1, 2 и 3, Тетово, со ЕМБС 7429371, ЕДБ 4028020540679, жиро-сметка бр.200003579453737 во Стопанска банка А.Д. Скопје застапувана од полномошник Адвокат Трајче Саздов, заради доставување нецелосни податоци кои можат да ја донесат во заблуда Комисијата за заштита на конкуренцијата или Комисијата за одлучување по прекршок, **КОП утврди дека ПЗУ - Лабораторија за молекуларна дијагностика Лаор Тетово сторила прекршок од член 61 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата**.

2. За сторениот прекршок од точка 1 од ова решение **на сторителот:**
- ПЗУ-Лабораторија за молекуларна дијагностика Лаор Тетово, му се изрекува глоба во износ од 60.000,00 денари, што претставува приближно 0.26% од вредноста на вкупниот годишен приход на ПЗУ-Лабораторија за молекуларна дијагностика Лаор Тетово остварен во 2023 година, како последна деловна година за која претпријатието има составена годишна сметка.

3. Глобата од точка 2 од ова решение сторителот на прекршокот е должен да ја плати во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението на трансакциска сметка на налогопримач: 100-0000000630-95, уплатна сметка: 840xxx[1]07337 - глоби за сторени прекршоци од областа во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со приходна шифра 722139 и програма 00, налогопримач - Министерство за финансии, банка на примач – НБРСМ и до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави доказ/примерок од извршената уплата на глобата во

[1] Се наведува ознаката на општината согласно Списокот на општини со ознаки во Република Северна Македонија, кој е составен дел на Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи (Службен весник на Р.М. бр.8/06)

рок од 15 дена од извршената уплата. Неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Генералниот секретар на Комисијата за заштита на конкуренцијата со допис ПП.бр.09-40/1 од 03.11.2022 година до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: КОП), достави барање, КОП по службена должност да поведе прекршочна постапка против ПЗУ-Лабораторија за молекуларна дијагностика „Лаор" Тетово (во понатамошниот текст: ПЗУ „Лаор" Тетово), ул.„29 Ноември" бр.21-1, Приземје/Лок 1, 2 и 3, Тетово, заради доставување на нецелосни податоци при постапување по заклучок ПП.бр.07-29/2 од 03.03.2022 година на генералниот секретар, а во смисла на член 48 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст:ЗЗК), што претствува прекршок од член 61 став (1) точка 2) од ЗЗК.

Во барањето наведено е дека генералниот секретар на Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: КЗК), согласно законските надлежности, со заклучок ПП.бр.07-29/2 од 03.03.2022 година (приложен како доказ кон барањето за поведување на постапка) го задолжил ПЗУ Лаор Тетово, до КЗК да ги достави следните документи и податоци:

- Податоци за вкупно направени тестирања на инфекција од корона вирус COVID-19 одделно по видови на тестови и одделно во 2020, 2021 година и за периодот јануари - февруари 2022 година;
- Копија од сите донесени ценовници за тестирања на инфекција од корона вирус COVID-19 од 2020 година наваму;
- Вкупно остварени приходи од тестирања на инфекција од корона вирус COVID-19 за 2020, 2021 година и за периодот јануари-февруари 2022 година одделно и одделно по видови на тестови;
- Од кого се вршени набавките на тестовите за тестирања на инфекција од корона вирус COVID-19.

Целта на прибавувањето на податоците била истражување и утврдување на состојбите на пазарот за давање на услуги на тестирање на инфекција за корона вирус КОВИД-19 во Република Северна Македонија.

Со допис бр.07-29/20 од 15.04.2022 година, ПЗУ „Лаор" Тетово, преку својот полномошник, адвокат Трајче Саздов, адвокат за кој не е доставено полномошно, доставил одговор по однос на заклучокот во кој навел дека:

- Во делот на тестирања од корона вирус Covid-19 одделно по видови на тестови во 2020, 2021 и за периодот 2022 година потребно е да се прецизира точниот тип на тестови кои се вршат по барање на пациентите, а се поврзани со Covid-19, кои можат

да бидат од различен тип и тоа: PCR тест за детекција на SARS-CoV-2, брз антигенски тест и детекција на IgG и IgM од капиларна крв, брз тест за детекција на антитела;
- ПЗУ „Лаор“ Тетово има донесено ценовници согласно кои ги пружа здравствените услуги и кои се во согласност со позитивните законски прописи;
- Вкупно остварени приходи на ПЗУ „Лаор“ Тетово се јавни податоци кои може да се обезбедат од Централниот регистар, како и приходите остварени по однос на тестирањата за Covid-19, но дека не постои можност да се одделат од причина што од страна на пациентите може да се вршат различни здравствени услуги и истите да се наплаќаат комплетно т.е.групно;
- Тестови за тестирање на инфекција од Covid-19, ПЗУ „Лаор“ Тетово ги набавува од повеќето веледрогерии во Република Северна Македонија.

Од наведениот одговор по однос на заклучокот, КОП утврди дека ПЗУ „Лаор“ Тетово нецелосно одговорил по заклучок ПП.бр.07-29/2 од 03.03.2022 година со кој му било побарано доставување на бараните податоци.

Имено, иако со заклучокот јасно се бара да се достават податоци за вкупно направени тестирања на инфекција од корона вирус COVID-19 одделно по видови на тестови и одделно во 2020, 2021 година и за периодот јануари-февруари 2022 година, ПЗУ „Лаор“ Тетово не ги доставува бараните податоци, туку наведува дека потребно е да се прецизира точниот тип на тестови кои се вршат по барање на пациентите, а се поврзани со Covid-19, кои можат да бидат од различен тип. Генералниот секретар во заклучокот јасно бара да се доставаат податоци за секој одделен тип на тест за инфекција од корона вирус COVID-19.

Со заклучокот недвосмислено се бара да се достави копија од сите донесени ценовници за тестирања на инфекција од корона вирус COVID-19 од 2020 година па наваму.

ПЗУ „Лаор“ Тетово не ги доставува бараните ценовници, туку доставува само информација дека ПЗУ „Лаор“ Тетово има донесено ценовници согласно кои ги дава здравствените услуги и кои се во согласност со позитивните законски прописи, без да достави копија од истите.

Со заклучокот, јасно се бара да се достават податоци за вкупно остварени приходи од тестирања на инфекција од корона вирус COVID -19 за 2020, 2021 година и за периодот јануари - февруари 2022 година одделно и одделно по видови на тестови.

ПЗУ „Лаор“ Тетово не ги достави бараните податоци, туку достави објаснување дека вкупно остварени приходи на ПЗУ Лаор Тетово се јавни податоци кои може да се обезбедат од Централниот регистар, како и приходите остварени по однос на тестирањата за Covid-19, но дека не постои можност да се одделат од причина што од страна на пациентите може да се вршат различни здравствени услуги и истите да се наплаќаат комплетно т.е. групно.

Со заклучокот, јасно се бара да се доставаат податоци за тоа од кого се вршени набавките на тестовите за тестирања на инфекција од корона вирус COVID -19.

ПЗУ „Лаор“ Тетово не ги доставува бараните податоци туку само наведува дека тестовите за тестирање на инфекција од Covid-19, ПЗУ „Лаор“ Тетово ги набавува од повеќето веледрогерии во Република Северна Македонија.

Генералниот секретар од повеќе од 15 субјекти ги побара истите податоци со цел да го изврши наведеното истражување и целосно беа доставени бараните податоци од 15-тина здравствени установи кои вршат тестирања на инфекција од корона вирус COVID -19.

Со оглед на фактот дека ПЗУ „Лаор“ Тетово доставил нецелосни податоци во врска со заклучокот ПП.бр.07-29/2 од 03.03.2022 година, КОП, на седница одржана на ден 02.02.2023 година, донесе заклучок за поведување на прекршочна постапка ПП.бр.09-9/1, со кој побара од ПЗУ „Лаор“ Тетово да ги достави следните податоци и документи: извод од Централен регистар за тековна состојба, биланс на успех за 2021 година и податоци за жиро – сметка и депонент - банка.

Со пропратно писмо ПП.бр.09-9/2 на ден 21.02.2023 година, наведениот заклучок беше доставен до ПЗУ „Лаор“ Тетово.

На седница одржана на ден 06.06.2024 година, КОП донесе прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба, ПП.бр.09-25/1. Со пропратно писмо ПП.бр.09-25/1, на ден 06.06.2024 година, наведеното прелиминарно известување за утврдена фактичка состојба беше доставено до ПЗУ „Лаор“ Тетово.

На седница одржана на ден 31.01.2025 година, КОП донесе конечно известување за утврдена фактичка состојба, ПП.бр.09-6/1. Со пропратно писмо ПП.бр.09-6/2, на ден 31.01.2025 година, наведеното конечно известување за утврдена фактичка состојба беше доставено до ПЗУ „Лаор“ Тетово.

На ден 07.02.2025 година, во просториите на Комисијата за заштита на конкуренцијата, на барање на ПЗУ „Лаор“ Тетово, беше одржан состанок, на кој присуствуваа претседателот и еден член на Комисијата за одлучување по прекршок, како и претставник од стручната служба, кои дадоа детално објаснување во однос на потребата ПЗУ „Лаор“ Тетово да ги достави побараните податоци со Заклучок ПП.бр.07-29/2 од 03.03.2022 година.

На ден 11.02.2025 година, ПЗУ „Лаор“ Тетово преку својот полномошник Адвокат Трајче Саздов, достави до КОП, писмено произнесување во врска со конечно известување за утврдена фактичка состојба. Во прилог на наведеното произнесување, беа доставени сите податоци и документи побарани со Заклучок ПП.бр.07-29/2 од 03.03.2022 година. Воедно, со произнесувањето, за прв пат во текот на постапката, беше доставено и полномошно со кое ПЗУ „Лаор“ Тетово го овласти Адвокат Трајче Саздов, во негово име и за негова сметка да го застапува истиот во постапката пред КЗК-КОП.

**По прибавувањето на потребните податоци и документи, имајќи го во предвид целиот тек на постапката, како и произнесувањето на странката во постапката, КОП ја утврди следната фактичка состојба:**

ПЗУ „Лаор” Тетово, со допис бр.07-29/20 од 15.04.2022 година, преку својот полномошник, адвокат Трајче Саздов, доставил нецелосни податоци при постапување по заклучокот ПП.бр.07-29/2 од 03.03.2022 година на генералниот секретар, а во смисла на член 48 од ЗЗК, што претствува прекршок од член 61 став (1) точка 2) од ЗЗК**.**

После одржан состанок во Комисијата за заштита на конкуренцијата, ПЗУ „Лаор“ Тетово во прилог на своето писмено произнесување во врска со конечно известување за утврдена фактичка состојба ги достави сите податоци и документи побарани со Заклучок ПП.бр.07-29/2 од 03.03.2022 година на Комисијата за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 61 став (1) од ЗЗК, КОП на претпријатието, односно здружението на претпријатија, со решение ќе му изрече глоба во износ до 1% од вредноста на вкупниот годишен приход остварен во последната деловна година, изразена во апсолутен и номинален износ за која претпријатието или здружението на претпријатија има составена годишна сметка ако:

2) достави неточни, нецелосни или податоци кои можат да ја доведат во заблуда Комисијата или Комисијата за одлучување по прекршок, а во смисла на член 40, член 48 и член 49 од овој закон;

Во утврдувањето на износот на глобата, согласно член 64 од ЗЗК, КОП ќе ги земе во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот.

Со оглед на фактот дека во текот на постапката, по доставувањето на Конечното извесување за утврдена фактичка состојба, ПЗУ „Лаор“ Тетово во целост ги достави податоците побарани со Заклучокот ПП.бр.07-29/2 од 03.03.2022 година на Комисијата за заштита на конкуренцијата , КОП, при одмерување на глобата одлучи да го примени член 64 став (4), при што износот на глобата определен во Конечното известување за утврдена фактичка состојба, одлучи да го намали, земајќи ги во предвид олеснителните околности, односно имајќи го во предвид горенаведениот факт дека ПЗУ „Лаор“ Тетово во целост ги достави бараните побарани.

Согласно доставените податоци и документи во одговорот по Конечното известување за утврдена фактичка состојба при определување на износот на глобата која му се изрекува на ПЗУ „Лаор“ Тетово, КОП тргнува од вредноста на вкупниот годишен приход на ПЗУ „Лаор“ Тетово, соодветно остварен во 2023 година, како последна деловна година за која ПЗУ „Лаор“ Тетово има составено годишна сметка, односно 23.083.177 денари.

Имајќи ги во предвид тежината на прекршокот, степенот на нарушеност на конкуренцијата и последиците предизвикани од прекршокот, КОП основниот износ на глобата го утврдува во висина од 0.26.%, па оттука основниот износ на глобата изнесува 60.000,00 денари.

Имајќи го во предвид горенаведеното, во постапката поведена по службена должност, со заклучок ПП.бр.09-9/1 од 02.02.2023 година, против ПЗУ „Лаор“ Тетово, со седиште на

ул.29 Ноември бр.21-1 Приземје/Лок1, 2 и 3, Тетово, застапувана од полномошник Адвокат Трајче Саздов, заради сторен прекршок од член 61 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата, **КОП утврди дека ПЗУ „Лаор“ Тетово сторил прекршок од член 61 став (1) точка 2) од ЗЗК.**

Заради сето горе наведено КОП одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од осум (8) дена од денот на приемот на ова решение. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**
**Претседател**
**М-р. Борче Размоски**